КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Јануари, 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 11.01.2022 година рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на обвинет, поради здравствени причини.

На 26.01.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 12.01.2022 рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинета поради здравствени причини.

## „ПЛАЦЕВИ НА ВОДНО“ КОК-63/21

На 14.01.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинети и нивни бранители од здравствени причини.

На 24.01.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок и едно вешто лице.

На 28.01.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведоци.

## „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 18.01.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини

## „Член на Судски совет З.Т.“ КОК-27/21

На 12.01.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет поради здравствени причини.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 20.01.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет и бранители поради здравствени причини.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 13.01.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет, поради здравствени причини.

## „ДИАМЕД“ КОК-44/21

На 13.01.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на застапникот на обвинението во овој предмет.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-7/20

На 17.01.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 24.01.2022 година, на рочиштето за главна расправа, судот се произнесе по однос на предлозите од одбраната за доказите во дополнение на доказна постапка.

## „СОФТВЕРИ“ КОК-164/21

На 25.01.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради тоа што предметот се наоѓа во Апелациониот суд во Скопје.

## „КАМПАЊА“ К-416/21

На 26.01.2022 година, рочиштето за главен претрес беше одложено поради отсуство на судија од здравствени причини.

## „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На 14.01.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок, предложен од страна на одбраната.

## „ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20

На 28.01.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

This project is funded by the European Union

Овој проект е финансиран од Европската унија

A project implemented by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**

УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk

Тел: +389 2 6139874

www.otvorrenosudstvo.org.mk

www.all4fairtrials.org.mk

ФЕВРУАРИ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТНТ“ КОК-53/17

На 14.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше изведен материјален доказ – вешт наод и мислење изготвен од страна на технички советник на одбраната.

На 17.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа се вршеше директно и вкрстено испитување на вешто лице од областа на материјално, финсиско и сметководствено работење, на предлог на застапникот на обвинението.

На 25.02.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на еден од обвинетите, а заради здравствени причини.

### „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 01.02.2022 година рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

На 15.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше спроведено испитување на обвинетите, по предлог на одбраната.

### „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 16.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на дел од странките во постапката.

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 21.02.2022 година и 23.02.2022 година, рочиштата за главна расправа се одложија поради отсуство на еден од обвинетите, а заради здравствени причини.

### „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 28.02.2022 година, на рочиштето за објава на пресуда, судот јавно ја објави одлуката за дел од обвинетите кои признаа вина. Обвинетите кои признаа вина беа огласени за виновни, при што на двајца судот им изрече казна затвор, додека на останатите алтернативна мерка, односно условна осуда.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 18.02.2022 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20

На 04.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа судот се произнесе по однос на предлозите на одбраната за изведување на докази.

На 11.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше испитана една обвинета, на предлог на одбраната.

На 17.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа, се спроведе испитување на застапникот на обвинетото правно лице.

На 25.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени доказите кои што беа прифатени во дополнение на доказна постапка.

## „СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ И ДРУГИ“ КОК-3/20

На 25.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „ПЛАЦЕВИ НА ВОДНО“ КОК-63/21

На 14.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци, предложени од страна на одбраната.

На 18.02.2022 и 23.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа, во фаза на доказна постапка беа испитани четири сведоци, предложени од страна на одбраната.

На 28.02.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите, а заради здравствени причини.

## „Член на Судски совет З.Т.“ КОК-27/21

На 28.02.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отуство на бранители.

## „ДИАМЕД“ КОК-44/21

На 04.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан технички советник на одбраната.

## „СОФТВЕРИ“ КОК-164/21

На 24.02.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено по барање на јавниот обвинител. Барањето за одлагање е доставено со писмен допис до судот, од причина што е истечен мандатот на јавниот обвинител кој го застапувал обвинението по овој предмет.

## „ЕРАЗМУС“ КОК-65/21

На 21.02.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите, а заради здравствени причини.

## „ПОШТЕНСКА БАНКА“ КОК-124/21

На 22.02.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради промена на судечкиот судија кој постапува по предметот.

# Останати судски предмети

## „МАРИГЛЕН“ К-1271/16

На 17.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 21.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на јавното обвинителство.

## „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На 15.02.2022 година, кое рочиште за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет, а заради здравствени причини.

На 24.02.2022 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа изведени материјални докази, по предлог на јавниот обвинител.

На 25.02.2022 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок, по предлог на одбраната.

## „ЛАСКАРЦИ“ К-1407/19

На 24.02.2022 година и 28.02.2022 година, рочиштата за главна расправа беа одложени поради тоа што не е изготвено супервештачење.

## „МОЌНИК“ К-2616/20

На 07.02.2022 година и на 14.02.2022 година, на рочиштата за главна расправа беа испитани двајца сведоци, предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „КОЧО АНЃУШЕВ против ИРЛ“ П5-43/21

На 25.02.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок, а се спроведе и распит на странките во постапката, односно тужителот и тужениот.

## „ЈАВНА СОБА“ К-1851/21

На 24.02.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната.

## „КАМПАЊА“ К-416/21

На 16.02.2022 година, главниот претсрес започна одново поради протек од 60 дена, од последно одржано рочиште. Постапката продолжи со изведување на докази, во фаза на доказна постапка.

## „УБИСТВОТО ВО ВЕЛЕС“ К-39/22

На 14.02.2022 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка, при што беа изведувани докази предложени од страна на странките во постапката.

This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk
Тел: +389 2 6139874
www.otvorrenosudstvo.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

МАРТ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТНТ“ КОК-53/17

На 07.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан технички советник на одбраната.

На 11.03.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на една од обвинетите, а заради здравствени причини.

На 29.03.2022 и 30.03.2022 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на дел од обвинетите во постапката.

### „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 03.03.2022 година, главната расправа продолжи во фаза на дополнение на доказната постапка, со изведување на материјални докази.

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 07.03.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите, а заради здравствени причини.

На 18.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на застапникот на обвинението.

На 21.03.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите, а заради лични причини.

### „ТИТАНИК“ КОК-28/22

На 28.02.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на застапникот на обвинението.

На 18.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа, јавниот обвинител се откажа од кривичен прогон за еден од обвинетите, по што судот донесе одбивателна пресуда.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 02.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

На 17.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа, се продолжи со изведување на предложените материјални докази на обвинителството. Откако беа изведени сите докази на обвинителството, на одбраната и беше дадена можност да се произнесе по однос на забелешките и приговорите во врска со дотогаш изведените докази.

## „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20

На 16.03.2022 година, главната расправа продолжи во фаза на завршни зборови, при што завршен збор беше даден од страна на застапникот на обвинението и од страна на ангажираните бранители во постапката.

На 18.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше даден завршен збор од страна на првообвинетиот во постапката.

## „ПЛАЦЕВИ НА ВОДНО“ КОК-63/21

На 10.03.2022, 11.03.2022 и 14.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваа сведоци, предложени од страна на одбраната.

На 22.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци и беа изведени материјални докази, предложени од страна на одбраната.

На 24.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани дел од обвинетите, односно директно од страна на одбраната и вкрстено од застапникот на обвинението.

На 28.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа се спроведе испитување на еден од обвинетите. Во дополнение на доказната постапка беа испитани сведоци и изведени материјални докази, предложени од страна на обвинителството и одбраната.

## „ДИАМЕД“ КОК-44/21

На 14.03.2022 година, во продолжение на доказната постапка се вршеше директно испитување на вешто лице од областа на финансиско, материјално и сметководствено работење од страна на одбраната, како и вкрстено испитување од страна на претставникот на обвинителството.

На 16.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа се вршеше директно и вкрстено испитување на двајца сведоци предложени од страна на одбраната.

На 17.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше сведок, предложен од страна на одбраната.

На 22.03.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „СОФТВЕРИ“ КОК-164/21

На 14.03.2022 година, беа дадени воведни говори од страна на претставникот на обвинението и одбраната. Воедно, а по дадените поуки за правата на обвинетите, истите се прознесоа по однос на вина, при што истакнаа дека не се чувствуваат виновни за делата што им се ставаат на товар.

На 24.03.2022 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ЕРАЗМУС“ КОК-65/21

На 04.03.2022 и 11.03.2022 година, закажаните рочишта за главна расправа се одложија поради отсуство на јавниот обвинител. Обвинителот беше отсустен поради истек на мандат, при што за истиот не беше обезбедена замена.

На 31.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше донесено решение за запирање на постапката против еден од обвинетите, а поради настапување на смрт. Воедно, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази, предложени од страна на обвинителството.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 01.03.2022 и 16.03.2022 година, на рочиштата за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ДИЗАЈН“ КОК-138/21

На 10.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше даден воведен говор од страна на застапникот на обвинението. Во продолжение, по дадени поуки за права на обвинетите и нивно произнесување по однос на вина, тројца обвинети признаа вина. По изведување на доказите за одмерување на видот и висината на кривичната санкција и дадените завршни зборови, судот донесе пресуда со која обвинетите ги огласи за виновни и им изрече условна осуда со утврдена казна затвор од 2 години.

На 28.03.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, а зарди здравствени причини.

# Останати судски предмети

## „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 23.03.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, а заради здравствени причини.

На 28.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, по предлог на јавниот обвинител.

## „ТРЕВНИК“ К-1925/20

На 01.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше вешто лице, директно од страна на застапникот на обвинението и вкрстено од страна на одбраната.

## „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На 08.03.2022 и 15.03.2022 година, на рочиштата за главна расправа се испитуваа сведоци, предложени од страна на одбраната.

На 25.03.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите во постапката, а заради здравствени причини.

## „МОЌНИК“ К-2616/20

На 16.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

На 30.03.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на предложени сведоци, од страна на обвинителството.

## „КОЧО АНЃУШЕВ ПРОТИВ ИРЛ“ П5-43/21

На 07.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа судот донесе одлука да го одбие тужбеното барање на тужителот.

## „ЈАВНА СОБА“ К-1851/21

На 03.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 11.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа, судот донесе осудителна пресуда со која обвинетите ги огласи за виновни и им изрече казна затвор во времетраење од 4 години. Исто така, судот ги одзема мобилните телефони со кои е сторено кривичното дело. Дополнително, донесено е решение со кое мерката притвор се продолжи до правосилност на постапката, како резултат на тоа што сеуште постојат причините поради кои е изречена мерката, односно опасност од бегство.

## „КАМПАЊА“ К-416/21

На 23.03.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи со цел одбраната да изврши увид во предложените докази од страна на обвинителството.

## „ДРУМАРИНА“ К-2799/20

На 10.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци предложени од страна на одбраната.

## „П4-739/21“

На 11.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа судот донесе решение со кое што ги прифати предложените материјални докази од странките и да изврши увид во правосилно завршени кривични предмети кои биле водени против тужените.

На 31.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на странките во постапката. Дополнително, а во фаза на доказна постапка се продолжи со изведување на материјални докази, предложени од страна на тужителот.

## „ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20

На 24.03.2022 година, на рочиштето за главна расправа, од страна на одбраната беше доставен предлог за дополнение на доказна постапка, кој предлог беше одбиен од страна на судот.

This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk
Тел: +389 2 6139874
www.otvorrenosudstvo.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

АПРИЛ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТНТ“ КОК-53/17

На 08.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа судот донесе одлука по однос на доставените предлози од страна на одбраната за дополнение на доказната постапка.

На ден 27.04.2022, 28.04.2022 и 29.04.2022 година, на рочиштата за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на јавниот обвинител и одбраната.

### „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 06.04.2022 година, главната расправа продолжи во фаза на дополнение на доказната постапка со сослушување на технички советник предложен од страна на одбраната.

### „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 05.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа, судот јавно ја објави одлуката со која обвинетите ги огласи за виновни, при што на првообвинетиот му изрече казна затвор во времетраење од 3 години и 6 месеци, додека на останатите обвинети, алтернативна мерка -условна осуда.

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 05.04.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено.

На 18.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на одбраната.

### „ТИТАНИК“ КОК-28/22

На 15.04.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител и еден од бранителите во постапката.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 04.04.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од бранителите во постапката.

На ден 08.04.2022 и 19.04.2022 година на рочиштата за главна расправа беа испитани сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20

На ден 07.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа, судот јавно ја објави одлуката. Дел од обвинетите беа огласени за виновни, при што за нив судот донесе осудителна пресуда и им изрече казна затвор, додека пак за обвинетото правно лице беше изречена парична казна. Покрај осудителна, ослободителна пресуда беше донесена и за две други обивнети лица во постапката.

## „ПЛАЦЕВИ НА ВОДНО“ КОК-63/21

На 04.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа, во фаза на дополнение на доказна постапка беше испитан сведок, предложен од страна на јавниот обвинител.

На 12.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 21.04.2022 година, на рочиштето за објава на пресуда, судот ги огласи обвинетите за виновни, при што дел од нив се осудени на казна затвор, а дел на алтернативна мерка - условна осуда. За една обвинета, судот донесе одбивателна пресуда поради настапување на апсолутна застареност за кривично гонење.

## „ЧЛЕН НА СУДСКИ СОВЕТ З.Т.“ КОК-27/21

На 12.04.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ДИАМЕД“ КОК-44/21

На 15.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на одбраната.

## „СОФТВЕРИ“ КОК-164/21

На закажаните рочишта за главна расправа на ден 11.04.2022, 12.04.2022 и 27.04.2022 година се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ЕРАЗМУС“ КОК-65/21

На 15.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ПОШТЕНСКА БАНКА“ КОК-124/21

На 11.04.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет, а заради здравствени причини.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-7/20

На 19.04.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ДИЗАЈН“ КОК-138/21

На 26.04.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 21.04.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на надлежниот јавен обвинител.

# Останати судски предмети

## „МОЌНИК“ К-2616/20

На 29.04.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет , а заради здравствени причини.

## „ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20

На 12.04.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот, а заради здравствени причини.

## „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На закажаните рочишта за главна расправа на ден 07.06.2022и 14.04.2022 година, беше испитан технички советник на одбраната.

На 21.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази.

## „МАРИГЛЕН“ К-1271/16

На 07.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапката се испитуваше сведок, предложен од страна на одбраната.

На 19.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа судот донесе решение со кое се запира постапката против обвинетиот, а заради настапување на апсолутна застареност на кривичното гонење.

## „КОМИСИЈА“ К-930/18

На 11.04.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинета во постапката.

На 19.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на завршни зборови надлежниот јавен обвинител изврши преквалификација на кривичното дело за кое дел од обвинетите се творат, при што е настапена апсолутна застареност за нивно кривично гонење. За останатите обвинети, јавниот обвинител го повлече обвинителниот предлог, односно се откажа од кривично гонење.

## „СООБРАЌАЈКА СИТИ МОЛ“ К-496/22

На 06.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше даден воведен говор од страна на надлежниот јавен обвинител, по што обвинетиот беше поучен за неговите права во постапката и истиот призна вина. Бранителот на обвинетиот даде воведен говор, а со оглед на претходно даденото признание, судот донесе решение за изведување само оние докази што се однесуваат на одлуката за санкцијата. Во продолжение на рочиштето за главна расправа, завршни зборови беа дадени од страна на странките во постапката.

На 11.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа, судот донесе осудителна пресуда врз основа на признание на вина, со која обвинетиот го осуди на казна затвор во времетраење од 3 години. Исто така, судот му изрече и забрана за управување со моторно возило во времетраење од 3 години сметано од правосилноста на пресудата.

## „ДРУМАРИНА“ К-2799/20

На 13.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваа сведоци, предложени од страна на одбраната.

## „КАМЧЕВ ПРОТИВ БОЈАН ЈОВАНОВКИ И КАТИЦА ЈАНЕВА“ П4-739/21

На 15.04.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани тужителот и тужените.

This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk
Тел: +389 2 6139874
www.otvorrenosudstvo.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

МАЈ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 17.05.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на јавниот обвинител.

На 30.05.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ТИТАНИК“ КОК-28/22

На 09.05.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 16.05.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено за усогласување на доказната постапка.

### „СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ И ДРУГИ“ КОК-3/20

На 04.05.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ДИАМЕД“ КОК-44/21

На 11.05.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

На 26.05.2022 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше обвинетата, по предлог на одбраната.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-164/21

На 06.05.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ЕРАЗМУС“ КОК-65/21

На 16.05.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

### „ПОШТЕНСКА БАНКА“ КОК-124/21

На 13.05.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет, а заради здравствени причини.

### „ТАЛИР“ КОК-3/19

На ден 03.05.2022 и 12.05.2022 година, рочиштата за главна расправа беа одложени поради непотполн судечки совет.

На ден 25.05.2022 и 31.05.2022 година, на закажаните рочишта за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ТИТАНИК 2“ КОК-7/20

На 11.05.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден од обвинетите во постапката, по предлог на одбраната.

## Останати судски предмети

### „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 04.05.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

### „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На 05.05.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше спроведено испитување на обвинет во постапката, по предлог на одбраната.

На 17.05.2022 година, на рочиштето за главна расправа, а во фаза на дополнение на доказна постапка беа изведени материјални докази, предложени од страна на јавното обвинителство и одбраната, а се спроведе и испитување на вешто лице.

На 31.05.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше даден завршен збор од страна на јавниот обвинител.

### „КАМПАЊА“ К-416/21

На 04.05.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната, со цел достава на докази.

### „ТРЕВНИК“ К-1925/20

На 13.05.2022 година, закажаното рочиште за главна расправа беше одложено.

### „ДРУМАРИНА“ К-2799/20

На ден 11.05.2022 и 12.05.2022 година, на закажаните рочишта за главна расправа беа испитани тројца сведоци, предложени од страна на одбраната.

На 31.05.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи, од причина што списите од предметот се во Апелационен суд Скопје.

This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk
Тел: +389 2 6139874
www.otvorrenosudstvo.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

ЈУНИ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 01.06.2022 година, закажаното рочиште за главна расправа се одложи.

На 02.06.2022 година, 06.06.2022 година и 08.06.2022 година, на закажаните рочишта за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 30.06.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на јавниот обвинител.

### „ТИТАНИК“ КОК-28/22

На 07.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа, надлежниот јавен обвинител повлече дел од предложените докази, а кои докази се однесуваа на дел од претходно обвинетите во постапката кои признаа вина.

На 17.06.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на јавниот обвинител, а заради неодложни службени обврски.

### „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 06.06.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што сеуште не е изготвено супервештачење.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 03.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ДИЗАЈН“ КОК-46/22

На 03.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа, беше даден воведен говор од страна на обвинетите и нивните бранители во постапката.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-164/21

На 15.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ЕРАЗМУС“ КОК-65/21

На 07.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На ден 13.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-7/20

На 01.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци.

На 27.06.2022 година и 28.06.2022 година, рочиштата за главна расправа беа одложени поради непотполн судечки совет.

# Останати судски предмети

## „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 03.06.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТАЛИР 2“ К-1413/19

На 07.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на одбраната.

На 08.06.2022 година, беше донесена и јавно објавена пресудата со која двајцата обвинети беа огласени за виновни, при што судот на првообвинетиот му изрече казна затвор во траење од 6 години, додека на второобвинетиот алтернативна мерка - условна осуда, со утврдена казна затвор во траење од 2 години, која казна нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 5 години не стори ново кривично дело. Судот исто така донесе и одлука за конфискација на недвижниот имот кој бил противправно стекнат.

## „ТРЕВНИК“ К-1925/20

На 07.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа, во продолжение на доказна постапка беа испитани вешти лица, предложени од страна на одбраната.

На 09.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваа двајца обвинети, по предлог на одбраната.

На 16.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

## „МОЌНИК“ К-2616/20

На 27.06.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на еден од обвинетите, а заради здравствени причини.

## „КАМЧЕВ ПРОТИВ БОЈАН ЈОВАНОВСКИ И КАТИЦА ЈАНЕВА“ П4-739/21

На 06.06.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше сослушан сведок, предложен од страна на тужителот во постапката.

This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk
Тел: +389 2 6139874
www.otvorrenosudstvo.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

ЈУЛИ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТРАЕКТОРИЈА" КОК-52/17

На 12.07.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ" КОК-30/20

На 07.07.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

На 11.07.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани вешти лице, по предлог на застапникот на обвинението.

### „ТАРИФА" КОК-24/21

На 12.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

### „СОФТВЕРИ" КОК-164/21

На 04.07.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведувани материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

На 06.07.2022 година и 13.07.2022 година на закажаните рочишта за главна расправа, се спроведе испитување на вешто лице од областа на дигитална форензика, по предлог на јавниот обвинител.

### „Член на Судски совет З.Т" КОК-27/21

На 05.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на ангажирани бранители во постапката, а заради здравствени причини.

### „ПОШТЕНСКА БАНКА" КОК-124/21

На 08.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на бранител а заради здравствени причини.

### „ПРОДУЦЕНТ" КОК-144/21

На 15.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителот на еден од обвинетите во постапката.

### „ДИАМЕД" КОК-44/21

На 12.07.2022 година рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

# Останати судски предмети

## „КАМЧЕВ ПРОТИВ БОЈАН ЈОВАНОВСКИ И КАТИЦА ЈАНЕВА“ П4-739/21

На 07.07.2022 година на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 15.07.2022 година, Судот донесе и јавно објави пресуда со која го одби тужбеното барање на тужителот.

## „КАМПАЊА“ К-416/21

На 06.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на обвинетиот во постапката.

## „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 06.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната, а заради промена на дел бранители, ангажирани во постапката.

## „ТРЕВНИК“ К-1925/20

На 18.07.2022 година, на закажаното рочиште, Судот донесе и јавно објави ослободителна пресуда.

## К-1528/22

На 26.07.2022 година, на рочиштето за главна расправа, обвинетите во постапката признаа вина и Судот врз база на даденото признание, донесе осудителна пресуда.

This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk
Тел: +389 2 6139874
www.otvorrenosudstvo.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

АВГУСТ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТИТАНИК“ КОК-28/22

На 17.08.2022 година на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 23.08.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што сеуште не е изготвено супервештачењето за предметот.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 23.08.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 16.08.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната.

На 24.08.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите и бранител во постапката.

На 26.08.2022 година и 29.08.2022 година, рочиштата за главна расправа беа одложени поради отсуство на обвинет, а заради здравствени причини.

# Останати судски предмети

## „МОЌНИК“ К-2616/20

На 26.08.2022 година, главната расправа започна одново, поради промена на судечки совет. Воедно, во фаза на доказна постапка беше испитан сведок, предложен од страна на јавниот обвинител.



This project is funded by the European Union

Овој проект е финасиран од Европската Унија

A project implemented by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**

УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk

Тел: +389 2 6139874

www.otvorrenosudstvo.org.mk

www.all4fairtrials.org.mk

СЕПТЕМВРИ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТИТАНИК“ КОК-59/22

На 14.09.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

На 23.09.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

### „ПОШТЕНСКА БАНКА“ КОК-124/21

На 29.09.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител, а заради здравствени причини.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 23.08.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 06.09.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на претставник на обвинетото правно лице односно политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.

На 12.09.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител на еден од обвинетите во предметот.

На 26.09.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 01.09.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради барање од страна од одбраната, а заради лични причини.

На 05.09.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

На 28.09.2022 и 29.09.2022 година, на рочиштата за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ЕРАЗМУС“ КОК-65/21

На 05.09.2022 и 29.09.2022 година, на рочиштата за главна расправа беа изведувани материјални докази, предложени од страна на обвинителството.

## „СОФТВЕРИ“ КОК-164/21

На 07.09.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

На 15.09.2022 и 21.09.2022 година, на рочиштата за главна расправа се вршеше испитување на вешто лице, предложено од страна на јавниот обвинител.

На 28.09.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТРАНСПОРТЕР 2“ КОК-139/21

На 12.09.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради потребата да се прибави предметот Транспортер 1 за Судот да изврши увид во истиот.

## „ТАРИФА“ КОК-24/21

На 16.09.2022 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

# Останати судски предмети

## „МОЌНИК“ К-2616/20

На 22.09.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан сведок, предложен од страна на јавниот обвинител.

## „КАМПАЊА“ К-416/21

На 02.09.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната.

## „ДРУМАРИНА“ К-2799/20

На 13.09.2022 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваа двајца сведоци и вешто лице од областа на финансиско - материјалното работење, предложени од страна на одбраната.

На 29.09.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на одбраната.

## „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 14.09.2022 година, се одложи поради отсуство на бранителот на обвинетите правни лица.

На 30.09.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител, а заради други службени обврски.

This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk
Тел: +389 2 6139874
www.otvorrenosudstvo.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

ОКТОМВРИ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТИТАНИК“ КОК-59/22

На 31.10.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, а заради здравствени причини.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 21.10.2022 година, на рочиштето за главна расправа одбраната достави ревидирани листи на предложени сведоци за испитување.

На 31.10.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведувани докази, предложени од страна на одбраната.

### „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 20.10.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранители ангажирани во постапката.

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 18.10.2022 и 19.10.2022 година, на рочиштата за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

На 26.10.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на јавниот обвинител, а заради службени обврски.

### „ДИАМЕД“ КОК-44/21

На 05.10.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок.

### „Член на Судски Совет З.Т“ КОК-27/21

На 20.10.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „СОФТВЕРИ“ КОК-164/21

На 13.10.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

# Останати судски предмети

## „МОЌНИК“ К-2616/20

На 18.10.2022 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан сведок, предложен од страна на јавниот обвинител.

## „КАМПАЊА“ К-416/21

На 12.10.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на судечки судија, а поради здравствени причини.